Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2018) и член 103 став (1) алинеја 3 од Законот за железничкиот систем (“Службен весник на Република македонија” бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18) и член 11 став (1) алинеја 2 од Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор број 01-326/3 од 27.09.2010 година, Управниот одбор на Агенцијата на седницата одржана на ден 25.07.2018 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор бр.01-133/1 од 17.08.2017 година и тоа:

Во Глава II во членот 7 став (1) алинеја 8 се менува и гласи:

„-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).“.

Алинеите 9 и 10 се бришат.

**Член 2**

Во Глава II во членот 8 став (1) алинеја 10 се менува и гласи:
„-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).“.

**Член 3**

Во Глава II во членот 9 став (1) алинеја 8 се менува и гласи:
„активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).“.

**Член 4**

Останатите одредби од Правилникот опишан во член 1 на оваа Одлука, остануваат непроменети во целост.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр. 01-133/2**

**25.07.2018 година**

**Скопје**

**Агенција за регулирање**
**на железничкиот сектор**
**Претседател на Управен одбор**

**Катерина Димовска Лукановска**